UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Современ менаџмент на претпријатија** |
| Факултет | Бизнис и економија |
| Циклус на студии | Прв циклус (Додипломски) |
| ЕКТС | 180 |
| Архивски број на акредитација [180] | 03-160/3 |
| Решение за почеток со работа | 17-1389 (20.05.2016) |
| Датум на акредитација | 31.03.2015 |

## Опис на програмата

Наставната програма Современ менаџмент на претпријатијатапретставува балансирана комбинација на основно теретско знаење и специфични професионални вештини. Структурата на тригодишната програма содржи студии кои по природа се динамични, интегративни и интерактивни. Преку програмата се нуди интегративен пристап на теми од областа на современиот менаџмент на претпријатијата, имплементирајќи го овој концепт преку наставна и практична програма. Предметите кои се застапени во оваа програма се базираат врз теорија која тесно е поврзана со практичната примена во светот на бизнисот. Оваа програма им овозможува на студентите стекнување потребни способности и искуство за менаџментот, маркетингот и за финансиите во приватните и во непрофитабилните организации.

За време на тригодишната студиска програма на студентите им се дадени можности за практична работа (practice), со  што ќе се оспособуваат да ги применат нивните стекнати знаења и вештини во областа. Оваа практична работа е задолжителна и се вкалкулира во целокупниот циклус на учење на студентот. Тие треба околу 50% од нивното време да работат практично во компании одобласта на  современ менаџмент на претпријатија, кои што истовремено ќе ги надградат нивните практични знаења.

## Кариера

Програмата Современ менаџмент на претпријатија на студентите ќе им овозможи:

- подигнување на нивото на управување и раководење на претпријатијата и развиток на современиот менаџмент;
- оспособување и изградување менаџери од современ профил: претприемачи, подготвени да преземаат акции, но и ризици кои се поврзани со секоја иницијатива, флексибилни, решителни и храбри личности;
- образование на висококвалификувани и професионални менаџери со лидерски способности и со желба за справување со предизвиците на новиот милениум;
- создавање менаџери со нови погледи и начин на размислување, развивање способности за предвидување на иднината и прифаќање на предизвиците и можностите кои ги нуди денешницата.

## Резултати од учењето

**Знаење и разбирање**

- Располага со потребните знаења за следниведеловни функции: маркетинг, економија, менаџмент на финансиите, бизнис моделирање, управување со операции, управување со ризикот, претприемачколидерство, стратешки менаџмент, основите на деловното право и бизнис планирање.
- Располага сознаење за функционалните области на претприемништвото, тековните истражувања и иновациите, идните трендови, како и за влијанието на овие случувања врз деловнататеорија и практика.
- Располага сознаење и разбирање занационалната,регионалнатаи глобалната економска состојба.
- Има познавање за финансискитетеории, анализа и известување.
- Стекнувасилна основа затоа како да се започне бизнис и дасебиде подготвенза кариераили за постдипломски студии поврзанисоуправувањето напретпријатијата,претприемништвотоили сродни полиња.
- Разбирање на различни алатки за донесување менаџерски одлуки.

**Примена на знаењето и разбирањето**

- Способност за професионално пишување и понатамошно развивање сопствен бизнис план и неговоспроведување во реалниот живот;
- Способност за примена на потребнитепринципиво процесотна успешно управување со новиот потфат;
- Способност да помогнат во формулирањето и во практичното спроведувањеуспешнимаркетинг, финансиски и општи менаџерскипланови и стратегии.

**Способност за проценка**

- Да размислуваат критички и да ги применуваат теоретските и практичнитезнаења и искуствазаидентификација и анализа на деловни проблеми.
- Критички да ги анализираат и да ги оценуваат идентификуванитепретприемачки можности.
- Стратешки размислување и расудувањево врска соактивноститеповрзани со креирањето, развојот иодржувањетона соодветенбизнис модел.

**Комуникациски вештини**

- Покажувааатразбирање на индивидуалнатаи групнатадинамика во организациите.
- Функционираатефикасно во тимската работа.
- Ефективно се справуваатсо луѓе од различнасоцијална, економска, културнаи верска припадност.
- Покажуваатразбирање и чувствителност за етичките, социјалните и за правните одговорности на компаниите.
- Ги прикажуваатбизнис идеите наефективен начин.
- Демонстрираат клучни преговарачки вештини.
- Ги интерпретира деловните податоци и економските индикатори.

**Вештини на учење**

- Можат да пребаруваaат и да детектираат извори на учење.
- Можат да се оспособуваат за индивидуално и тимско учење.
- Имаат способност да направатбизнис анализа и да употребуваатна научна литература и за анализа на размислувањата и оцените на други автори.

# Листа на предмети

## Семестар 1

- **Пракса**
- **Маркетинг концепти и комерцијализација**
- **Вовед во бизнис концепти**
- **Вовед во сметководство**
- **Слободен изборен предмет 1**
- **Изборен предмет 1**

## Семестар 2

- **Деловно комуницирање**
- **Пракса**
- **Математика за бизнис**
- **Микроекономија и цени**
- **Слободен изборен предмет 2**
- **Изборен предмет 2**

### Семестар 3

- **Финансиска математика**
- **Финансиско планирање и анализа**
- **Финансиско сметководство**
- **Пракса**
- **Слободен изборен предмет 3**
- **Изборен предмет 3**

### Семестар 4

- **Статистички анализи за менаџери**
- **Пракса**
- **Менаџмент на човечки ресурси**
- **Професионални вештини за менаџмент**
- **Изборен предмет 5**
- **Изборен предмет 4**

### Семестар 5

- **Системска поддршка на операциите**
- **Управување со организациските промени**
- **Претприемнички менаџмент**
- **Пракса**
- **Изборен предмет 6**
- **Изборен предмет 7**

### Семестар 6

- **Стратегии за меѓународен бизнис**
- **Консалтинг проект ‘capstone’**
- **Стратегии за менаџери**
- **Пракса**
- **Изборен предмет 8**
- **Изборен предмет 9**

## Description of courses

### Задолжителни предмети

- **Пракса**

- **Маркетинг концепти и комерцијализација**
  Целта на предметот е студентите да стекнат знаење за основните концепти кои се вградени во функциите на маркетингот на современите организации. Фокусот е ставен на концептите, како и на прашањата поврзани со маркетинг на производите и на услугите на потрошувачите. Поспецифично, целта е студентите да стекнат разбирање за маркетинг средината преку анализирање на пазарот, за да се имплементираат успешните маркетинг стратегии во таквата средина. Студентите исто така ќе можат да ги применуваат научните концепти за дизајнирање комплетен маркетинг план за нивниот производ. Овој предмет придонесува студентите да се запознаат со разновидните активности во областа на маркетингот, кои придонесуваат компанијата да биде поконкурентна и поуспешна на пазарот.

- **Вовед во бизнис концепти**
  Целта на овој предмет е студентите да се запознаат со надворешното и внатрешното окружување на претпријатието. Потоа, внимание ќе биде посветено на финансиската, маркетиншката, менаџерската и организационата функција на претпријатието. Покрај ова, се согледува и влијанието на претпријатието врз заедницата во која дејствува. Студентите ќе стекнат знаења: да ги објаснат фундаменталните економски проблеми; да ги сфатат односите меѓу ограничените ресурси, вредноста, користа и богатството; ја разберат кохезивната врска помеѓу микроекономијата и макроекономијата; да ги дискутираат целите и инструментите на макроекономијата; да ги разберат и да ги објаснат економските циклуси; да дебатираат за меѓународните економски односи и др.

- **Вовед во сметководство**
  Целта на предметната програма е да се помогне на студентите да ја разберат суштината на сметководството, да ги научат основите на финансиското сметководство и концептите и принципите на сметководството. Поспецифично, целта е студентите да стекнат знаење и разбирање на финансиските извештаи, нивните компоненти, основните правила на евидантирање на сметководствените податоци, користење на сметководствените документи.

- **Деловно комуницирање**
  Целта на овој предмет претставува запознавање на студентите со концептот на деловното комуницирање. Во последниве години се повеќе компании ги применуваат техниките на деловно комуницирањеи како главна алатка за одговор на се позаостреновата конкуренција на глобалниот пазар. Овој предмет претставува обид за подобрување на комуникациските способности на студентите со теоретско но пред се и со практично укажување на правилниот начин на комуницирање во организациска средина со вработените и со менаџерите како и при одржување на состаноци, интервуирање други, како да одговараат при интервјуирање, преговарање како и мотивирање на сите околу нив.

- **Пракса**

- **Математика за бизнис**
  Целта на предметот е студентите да се оспособат: - Да го применуваат системот на линеарни равенки за решавање различни проблеми од областа на бизнисот и економијата. - Да ги применуваат своите знаења за линеарните модели и бројните низи за решавање различни проблеми во бизнисот и економијата. - Да стекнат напредни знаења за пресметување на сложена каматна стапка, периодични депозити, периодични ренти, заеми и финансиско одлучување.

- **Микроекономија и цени**
  Преку предметот се дава основно разбирање за економските феномени и за глобална универзална микроекономска терминологија. Се проследуваат и се анализираат теоретските пристапи кои овозможуваат да се дојде до сопствена претстава за можните апликативни решенија за проблемите на производството, за размената и за организација на поединечно претпријатие, посебна гранка или на посебен пазар.

- **Финансиска математика**
  Цел на наставната програма е студентите да стекнат: основни знаење од областа финансиска математика предвидени во рамките на овој предмет; со пообемни знаења од областа на финансика математика како и со нивна примена во практиката.

- **Финансиско планирање и анализа**
  Целта на предметот е пренесување потребен теоретски фонд на знаења и вештини на студентите од сферата на финансискиот менаџмент. Притоа студентите ќе стекнат современи теоретски и практични знаења и искуства од анализите на фундаменталните концепти на финансиите на фирмите, финансиските и реалните инвестициони проекти и нивно вреднување преку временската димензија на парите. Преку предметот студентите се обучуваат како да ги користат соодветните извори на финансирање, ефикасното управување со капиталот и одредувањето на соодветната структура, утврдување соодветна политика на распределба на добивката – политика на дивиденда и се финализира со финансиско планирање и прогнозирање и др.

- **Финансиско сметководство**
  Целта на предметот е студентите да стекнат напредни знаења од областа на сметководството и на нивната

примена во сметководствениот систем на деловните ентитети.

- **Пракса**

- **Статистички анализи за менаџери**
  Целта на програмата е студентите да стекнат знаење за да бидат способни: - Да ја употребуваат дескриптивната анализа при анализата на податоците. - Да ги користат веројатноста и случајните променливи во решавањето на бизнис проблемите. - Да го разбираат статистичкото заклучување кое претставува основа за интерпретирање на резултатите и за донесување бизнис одлуки. - Да ги користат корелацијата и простата и повеќекратната регресија. - Да ги знаат основите на анализата на варијансата. - Да ги разбираат основите на индексните броеви и методите за анализа на временските серии. .

- **Пракса**

- **Менаџмент на човечки ресурси**
  Целта на предметот е да се запознаат студентите со важноста и улогата на управувањето со човечките ресурси кај современите деловни организации. Во рамките на овој предмет студентите ќе се запознаат со процесот на менаџментот на човечките ресурси како во теоријата, така и во практиката на светските и домашните компании.

- **Професионални вештини за менаџмент**
  Целта на предметот е студентите да се запознаваат со основите на менаџментот, неговата генеза и дефинирање, како и со основните принципи врз кои треба да се базира работата на секој иден менаџер. Изучувањето на предметот на студентите ќе им овозможи: да ги научат основите на менаџментот и да се оспособат за нив да даваат конкретни примери; на изучувањето на овој предмет да гледаат како на потреба и учењето да го вршат во контекст на практичната примена на наученото; да стекнат ефикасен начин на размислување кој ќе им помогне при соочувањето со деловните проблеми во понатамошниот нивен живот.

- **Системска поддршка на операциите**
  Целта на овој предмет е студентите да стекнат знаење за да бидат спопобни: - Да подготвуваат и да донесуваат одлуки со кои се остваруваат производството и услугите. - Да подготвуваат и да донесуваат одлуки со кои се конролира производството и услугите. - Да најдат соодветен пристап за решавање на секоја ситуација поврзана со сложената проблематика на производството и услугите. - Да ги осознаат разновидните активности во организацијата и во функционирањето на целосниот систем на оперативниот менаџмент. - Да подготвуваат и да донесуваат одлуки со кои се создаваат услови за производството и услугите.

- **Управување со организациските промени**
  Целта на предметот е студентите да стекнат сознанија за важноста и улогата на управувањето со организациските промени кај современите деловни организации. Во рамките на овој предмет студентите ќе се запознаат со процесот на управување со промени како во теоријата, така и во практиката на светските и домашните компании.

- **Претприемнички менаџмент**
  Целта на наставата по овој предмет е да им се помогне на студентите во разбирањето на значењето и суштината, функционирањето и организацијата на малите претприемнички претпријатија во однос на економијата и на нивното успешно менаџирање во текот на развојниот процес.

- **Пракса**

- **Стратегии за меѓународен бизнис**
  Целта на предметот е студентите: да ја сфатат разликата меѓу глобалното создавање, одржување и модификација во споредба со меѓународните стратегии од аспект на меѓународниот бизнис; да извршат анализа SWOT за разни меѓународни компании, како и да бидат во состојба да осознаат нови глобални пазари; да ја сфатат суштината на глобалниот меѓународен бизнис и н користењето на глобалните

комуникации; да дефинираат и да користат стратегии за оценување на заедничките вложувања (joint venture) , обединување и купување на разни компании со цел да се добие пристап до нови пазари и др.

- **Консалтинг проект ‘capstone’**
  Целта на предметот е да им се обезбеди на студентите можност да решат вистински бизнис проблеми во компании, избрани по свој избор, во тим од 3-4 студенти во текот на 3-4 месеци. Студентите работат заедно како консултантски тим во одредено претпријатие и бараат решенија за проблемите. Решенијата ќе бидат ставени во употреба од самото претпријатие. Студентските тимови ги развиваат своите анализи и препораки во текот на два термина и го завршуваат проектот со доставување на конечниот извештај и со презентација пред раководството на претпријатието.

- **Стратегии за менаџери**
  Предметот има за цел да им се овозможи на студентите оцена и примена на клучните елементи на стратегиска анализа, избор на вистинската стратегија во рамките на флексибилен план, како и да се поттикне размислувањето за проблемите кои се поврзани со спроведување на формулираната стратегија.

- **Пракса**

## Изборни предмети

- **Пишување и анализа на бинис план**
  Целта на предметот е да се покаже како се подготвуваат и како се донесуваат плански одлуки за цели, политики и за планови засновани на предусловите за ефикасно и квалитетно планирање. Меѓу нив, посебно внимание заслужуваат: предвидувањето, системот на информации, методологија за планирање, организацијата на планирање, методите за планирање и менаџментот со проектите.

- **Менаџерска етика и менаџмент со стеикхолдери**
  Предметот има за цел да се развие општо теоретското знаење за корпоративната општествена одговорност во современите економии и да се анализира одразот на корпоративната општествена одговорност врз целокупното работење на претпријатието. Предмет се фокусира на тоа како менаџерите можат да спроведат ефективни стратегии поврзни со корпоративната одржливост и со корпоративната општествена одговорност.

- **Деловно и работно право**
  Целта на наставниот предмет е студентите да стекнат основни знаења од областа на деловното и работното право. Наставата по овој предмет треба да им помогне на студентите теоретски и практично да се запознаат со работата на трговските друштва без кои не може да се замисли трговското работење, како и со односите, правата и обврските на работниците. По завршувањето на наставата, студентите треба да бидат способни да ја познаваат организацијата и работата на трговските друштва, нивните активности, права и обврски, стечајот и ликвидацијата. Исто така, неопходност во работењето на трговските друштва претставува и запознавањето на студентите со хартиите од вердност, индустриската сопственост и сл.

- **Развој и комерцијализација на нов производ**
  Целта на предметната програма е да им се помогне на студентите: да ги разберат природата и обемот на одлуки поврзани со развојот и комерцијализацијата на нов производ/услуга, да користат соодветни квалитативни и квантитативни техники за одлучување поврзани со развојот и комерцијализацијата на нов производ/услуга, да се оспособуваат за проценување на предложената стратегија на новиот производ во однос на нивните етички рамки и изводливост, да се оспособуваат студентите да го протолкувааат предложеното ново решение (производ/услуга) и да реализираат и да развиваат релевантни избалансирани аргументи за новите предлози.

- **Макроекономија**
  Целта на предметот е студентот да се стекне со знаења за: - макроекономските поими и категории, кои се предуслов на функционирање на една национална економија која е дел на еден поширок глобален економски систем; - значењето на најглавните макроекономски индикатори како што се: бруто национален производ, национален доход, економски раст, економски циклус, инвестиции и јавна потрошувачка, инфлација, невработеноста, пари и банки, буџет, биланс на плаќање и др; - основните инструменти на макроекономска анализа (агрегатна понуда и побарувачка) и макроекономски политики (монетарна и фискална политика) и др; - ефикасно функционирање на една национална економија, споредувајќи ја со современите пазарни

економии, означувајќи во таа насока разлики, сличности и можности за иден развој на соодветната економија; - знаење од областа на макроекономијата, кое ќе овозможи поедноставен пристап кон другите напредни макроекономски предмети.

- **Сметководство и анализа на трошоци**
  Целта на предметот е да се оспособат студентите да донесуваат одлуки поврзани со изборот на идните насоки на дејствување преку оценување на избраните алтернативи врз основа на нивните трошоци, бенефиции и ризици. Предметот е фокусиран на практичната примена на анализата на трошоците и даноците. Се очекува да се оспособат студентите за клучни аналитички вештини во процесот на планирање за иднината и за оценување на минатите перформанси.

- **Локални и меѓународни даноци**
  Преку предметот студентите ќе стекнат основни познавања од областа на оданочувањето и механизмите на функционирање на даночниот систем во пазарната економија кај нас и во странство.

- **Менаџмент на проект и организација**
  Основна цел на предметот е воведување на студентите во светот на современите проекти и нивно соочување со можностите и предизвиците на реалниот економски живот при креирање соодветни потребни реални проекти. Специфични цели на предметот се: - утврдување на одреден проект (користејќи неколку фази) и истакнување на значајната улога на менаџерот на проектот; - разбирање на потребата – областа на делувањето – активностите за реализација –комплексноста на модерниот проект и др.; - обучување на студентите како да ги применуваат современите алатки и техники на современиот проектен менаџмент при трансформирање на една потреба или креативна идеја во соодветен реален и документиран проект; - развивање инвентивност и компетитивност на пазарот на трудот.

- **Извршно лидерство**
  Се очекува преку предметот студентите да стекнат основа за мотивација и разбирање за развој на лидерството, нудејќи им на студентите теоретска основа, практични информации и можност за самопроцена која ќе им овозможи да ги развиваат своите лидерски таленти.

- **Рекламирање, промоција на продажба и прикажување**
  Целта на овој предмет е да се запознаат студентите со процесот на промоција од теоретски и од менаџерски аспект. Поконкретно, целта е: развивање на способностите на студентите: да ги научат и да ги применуваат компонентите на промоцискиот микс: рекламирање, персонална продажба, продажна промоција и односи со јавност; да ги разбираат правните и етичките прашања поврзани со промоцијата; да ги користат информациите кои им се достапни за да направат промотивна стратегија.

- **Истражување на пазарот и конкуренција**
  Целта на овој предмет е студентите да го разберат односот меѓу истражувањето на пазарот и донесувањето одлуки, запознавајќи се со процесите што се користат во формулирање и во спроведување на истражувањето на пазарот. Исто така, студентите ќе ги разберат и пазарните услови под кои истражувањето се води и се спроведува, вклучувајќи ја и методологијата употребена во анализирањето на пазарите. Ќе се сфатат и опсегот на квалитативни и квантитативни техники и методи кои се на располагање во истражувањето на пазарот, вклучувајќи ги нивната применливост и ограничувањата.

- **Управување со односите со потрошувачите**
  Целта на овој предмет е студентите да стекнат сознанија за фундаментите при управувањето со односите со потрошувачите (CRM) и со користењето на технологија во управувањето со потрошувачите. Преку овој предмет студентите ќе стекнат знаења за концепти во односите со јавноста и за функционалноста за професионалците, чии организации ги вклучуваат односите со јавноста или сакаат да имаат разбирање за нивна таулогата во управувањето со услуги. Преку овој премет студентите ќе ги разберат клучните фактори кои влијаат на успехот при односите со потрошувачите.

- **Планирање на ресурсите на претпријатието (ERP)**
  Целта на овој предмет е се запонаат студентите со системот на планирање на ресурсите на претпријатието (ERP). Тоа претставува софтвер кој се применува во сите области на организацијата, вклучувајќи сметководство и финансии, човечки ресурси, продажба и дистрибуција, производство, набавка и инвентарот. Тој е систем кој е интерфункционален, процесно-ориентиран, во реално време и е основа на најдобрите практики во индустријата, од услуги до производство. Важно е студентите да имаат познавање на овие системи, кои во нивните кариери ќе бидат корисници на овој систем, ревизори, консултанти, и / или

програмери.

- **Менаџмен на ризици**
  По завршувањето на наставата, студентите треба да бидат способни: - Да идентификуваат и да категоризираат различни извори на ризик. - Да дизајнираат процес на управување со ризици. - Да го разберат значењето кое менаџментот со ризиците го има за акционерите и за другите стеикхолдери. - Да извршат мерење и процена на ризикот со примена на соодветни техники и модели (VaR, сценарио анализа, стрес тест итн.

- **Менаџмент на производство и квалитет**
  Овој предмет претставува обид за детаљна анализа на техниките на МВК како и на најпознатите теории на МВК. Исто така, предметот ќе биде фокусиран на давање реална слика за состојбата на МВК во Македонија, за проблемите и за можноста за примена на техниките на МВК на најефикасен начин.

- **Е-трговија**
  Цели на предметната програма се: да се разбираат и да се аплицираат концептите од електронската трговија - електронски бизнис; препознавање на бизнис-потребите за приспособување на константните и непрекинатите промени во средината и на важноста за инкорпорација на информационата технологија во најважните бизнис-процеси; да се објаснат: порастот на е-бизнисот до денес, поимот бизнис-потрошувач и моделот бизнис-бизнис, преку користење релевантни теории од бизнисот, менаџментот и од општествените науки; да се испитаат: интеракцијата меѓу технолошките трендови и социјалниот бизнис-контекст на е-бизнисот, вклучувајќи ги и дифузијата на социјалните мрежи и случувањата веб 2.0.

- **Инвестиционен менаџмент**
  Преку овој предмет студентите стекнуваат теоретски знаења и практични вештини од сферата на инвестициите и инвестиционото одлучување кај деловните субјекти во земјава и во современиот свет. Сето оваа се остварува преку еден посебен осврт кон анализите на инвестициите преку посебна нагласеност за различните облици и мотиви на инвестиции и инвестициониот процес и преку оцена на изводливоста на инвестиционите проекти до нивно инвестиционо одлучување. Исто така овој предмет има за цел доближување на најсовремените методи за определување и селектирање на најефикасните реални инвестициони проекти кои ќе придонесуваат кон остварување поголеми позитивни финансиски резултати. Обучувањето на студентите со современите искуства и тенденции за управување со најсуптилната економска категорија во последните години инвестициите и инвестиционите процеси, им овозможува полесен пристап до започнување деловна активност, можност за преземање на управувањето со финансиите во нивниот семеен бизнис или, пак, како помош за полесен пристап до работодавачот.

- **Менаџмент на знаењето во претпријатија**
  Целта на овој предмет е да се обезбеди солидна основа за покривање на главните проблеми, предизвици, концепти и техники кои се поврзуваат со менаџментот на знаење (МЗ). Како посебни цели на предметот се: разбирање на основните концепти во изучувањето на знаење и неговото создавање, стекнување, застапување, дисеминација, користење и повторна употреба и менаџмент; оценување на улогата и користењето на знаењето во организации и институции и типичните пречки кои МЗ има за цел да се надмине; запознавање на основните концепти, методи, техники и алатки за компјутерска поддршка на МЗ; разбирање како да се применуваат и да се интегрираат соодветни компоненти и функции на различните системи за МЗ и критички да се проценуваат тековните трендови во МЗ и нивната манифестација во бизнисот и во индустријата.